20251032296

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 36 став (2) од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19), а во врска со членовите 10 и 11 од Законот за ратификација на Рамковната спогодба меѓу Република Македонија застапувана од страна на Владата на Република Македонија и Европската комисија за постапките за спроведување на финансиската помош од Унијата за Република Македонија во рамките на спроведувањето на помошта според Инструментот за претпристапна помош (ИПА II) („Службен весник на Република Македонија” бр.99/15), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 20 мај 2025 година, донесе

## УРЕДБА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА МЕЃУСЕБНИТЕ ОДНОСИ НА ОРГАНИТЕ И СТРУКТУРИТЕ ВО РАМКИТЕ НА СИСТЕМОТ ЗА ИНДИРЕКТНО УПРАВУВАЊЕ СО ИНСТРУМЕНТОТ ЗА ПРЕТПРИСТАПНА ПОМОШ (ИПА II)

Член 1

Во Уредбата за утврдување на меѓусебните односи на органите и структурите во рамките на системот за индиректно управување со Инструментот за претпристапна помош (ИПА II) („Службен весник на Република Македонија“ бр. 54/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 90/21), во член 4 во ставовите (3) и (4) зборовите „Секретаријатот за европски прашања на Владата на Република Северна Македонија“ се заменуваат со зборовите „Министерството за европски прашања“ .

Член 2

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-4475/5<br>20 мај 2025 година<br>Скопје

Претседател на комисија и<br>заменик на претседателот<br>на Владата на Република<br>Северна Македонија,<br>**Љупчо Димовски,** с.р.